МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН

за услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување за 2015 година

Скопје, јануари 2015 година

**СОДРЖИНА**


I. **ВОВЕД** ... **4**

II. **УСЛУГИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД И ПРОГРАМИИ МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ** ... **6**

1. **УСЛУГИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ** ... **9**
   *1.1 Помош при барање на работа* ... *11*
   *1.2 Мотивациски обуки* ... *12*
   *1.3 Посредување при вработување* ... *13*
   *1.4 Услуги за работодавачите* ... *14*
   *1.5Подготовка за вработување и за работа* ... *15*
   *1.6Професионална ориентација и кариерно советување* ... *16*
   *1.7 Услуги за активирање на поединците изложени на ризик од социјално исклучување* ... *18*
2. **РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО** ... **20**
   *2. Програма за самовработување* ... *21*
3. **СУБВЕНЦИОНИРАНИ РАБОТНИ МЕСТА** ... **23**
   *3.1 Поддршка на растот на микро и мали претпријатија за создавање на нови работни места* ... *24*
   *3.2 Програма за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик* ... *25*
   *3.3 Субвенционирано вработување за невработени МЛАДИ ЛИЦА ДО 29 ГОДИНИ преку ослободување од придонеси* ... *26*
   *3.4 Субвенционирани работни места за лицата со инвалидност* ... *27*
4. **ОБУКА** ... **29**
   *4.1 Обука кај познат работодавач* ... *30*
   *4.2Обука на работното место со субвенционирано вработување* ... *32*
   *4.3 Обука за задоволување на побарувани занимања на пазарот на трудот* ... *34*
   *4.4 Обука за задоволување на побарувани занимања на пазарот на труд кај приватни спроведувачи на обука* ... *36*
   *4.5 Обука за напредни ИТ-вештини* ... *38*
   *4.6 Практикантство* ... *40*
   *4.7 Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот* ... *41*
   *4.8 Обука за основни вештини за вработување (странски јазици и компјутери)* ... *42*
5. **ОПШТИНСКО-КОРИСНА РАБОТА** ... **43**
   *5.Програма за општинско-корисна работа* ... *44*
6. **ПИЛОТ-ПРОГРАМИ** ... **46**
   *6.1 Програма за воспоставување на бизниси во мултиетничките заедници* ... *47*
   *6.2 Обука за надополнување на вештини за градење енергетско-ефикасни згради* ... *48*
   *6.3Обука од областа на обезбедувањето* ... *49*
   *6.4 Обука од областа на туризмот* ... *51*
   *6.5 Инкубатор на занаетчии* ... *52*
   *6.6 Обука за животни вештини* ... *53*

III. **ПРОМОЦИЈА** ... **55**

IV. **СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН** ... **56**

V. **ФИНАНСИСКА РАМКА** ... **57**

**АНЕКС 1:РАМКА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА** ... **60**

**Листа на кратенки**

| | |
|---|---|
| **АВРМ** | Агенција за вработување на Република Македонија |
| **АМПТ** | Активни мерки на пазарот на трудот |
| **АППРМ** | Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија |
| **ИПА** | Инструмент за пред-пристапна помош |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МИОЈА** | Министерство за информатичко општество и јавна администрација |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МОТ** | Меѓународна организација на трудот |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **ОП** | Оперативен план |
| **ОУ** | Оперативни упатства |
| **РИЦ** | Ромски информативен центар |
| **СБ** | Светска Банка |
| **УНДП** | Програма за развој на Обединетите нации |
| **УСАИД** | Агенција на САД за меѓународен развој |
| **ЦВ** | Центар за вработување |
| **ЦОВ** | Центар за образование на возрасни |
| **ЦРРМ** | Централен регистар на Република Македонија |
| **ЦСОО** | Центар за стручно образование и обука |
| **ЦСР** | Центар за социјални работи |
| **ФИТР** | Фонд за иновации и технолошки развој |

# I. ВОВЕД

Рамката на политики за вработување на Република Македонија е дефинирана со *Програмата на Владата на Република Македонија 2011-2015 година;Националната стратегија за вработување на Република Македонија за 2015 година;*и *Акцискиот план за вработување на млади за 2015 година* и во согласност со обврските што произлегуваат од *Глобалниот пакт за работни места* на Меѓународната организација на трудот (МОТ), Резолуцијата за *Кризата со вработување на младите: повик за акција* и *Европската стратегија за паметен, одржлив и инклузивен раст - Европа 2020.*[1]

За да се постигнат целите на Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2011-2015 - намалување на невработеноста, подобрување на вработливоста и зајакнување на конкурентноста на економијата - со Оперативниот план за услугите на пазарот на труди активните програми и мерки за вработување за 2015 година, се утврдуваат услугите и програмите за вработување кои ќе се спроведат за да се подобри функционирањето на пазарот на трудот, да се поддржи создавање на нови работни места и да се зголеми вработливоста на лицата.

Оперативниот план ќе биде раководен од Министерот за труд и социјална политика, а неговото спроведување ќе биде координирано од страна на Директорот на Агенцијата за вработување на Република Македонија, во партнерство со други државни институции - Министерството за образование и наука (МОН), Министерството за информатичко општество и јавна администрација (МИОЈА), Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО), Центарот за образование на возрасни (ЦОВ), Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (АППРМ), образовните институции и установи (ОИУ), центрите за социјални работи (ЦСР) - како и други организации - Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Светска Банка (СБ), УСАИД, Ромските информативни центри (РИЦ), сертифицираните центри за ИТ-обука и локалните механизми за родова рамноправност (координатори за еднакви можности во единиците на локална самоуправа).

Во Оперативниот план за 2015 година, дефинирани се видот на услугите и програмите за вработување што ќе се имплементираат, целните групи на невработени, потребните финансиски средства и нивните извори, како и институциите надлежни за спроведување. Оперативниот план за 2015 година за прв пат обезбедува сеопфатна рамка за претставување на услугите на пазарот на труд и програмите за вработување и поттикнување на вработливоста финансирани од Буџетот на РМ, ИПА – инструментот за претпристапна помош, Светска Банка, УНДП, УСАИД, Британската амбасада и сл. што треба да овозможи поефикасна координација, полесно следење и поголем ефект на програмите.

Содржината и опфатот на Програмите и мерките за вработување, вклучени во Оперативниот План за 2015, ги земаат во предвид резултатите од спроведениот редовен мониторинг и евалуација на програмите за самовработување, субвенционирано вработување и обуки.

Со Оперативниот План за 2015 година, посебен акцент се става на младите невработени лица до 29 години и со табеларен приказ се дава јасен преглед за учеството на младите лица во секоја од услугите и програмите за вработување.

---

[1]*Глобалниот пакт за работни места* на МОТ е усвоен од Меѓународната конференција на трудот на деведесет и осмата седница (2009), додека Резолуцијата за *Кризата со вработувањето на младите: повик за акција* беше донесена на 101-та седница (2012).

## II. УСЛУГИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД И ПРОГРАМИИ МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Оперативниот план за услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување за 2015 година опфаќа следните главни категории на активности:

1. **Услуги за вработување**

   *Помош при барање работа (информации за пазарот на труд, советување и насоки за вработување)*
   *Мотивациони обуки*
   *Посредување при вработување*
   *Услуги за работодавачи*
   *Професионална ориентација и подготвеност за работа*
   *Услуги на активирање поединци изложени на ризик од социјално исклучување*

2. **Развој на претприемништвото**

   *Програма за самовработување*

3. **Субвенционирано вработување**

   *Поддршка за раст на микро и мали претпријатија за отворање на нови работни места*
   *Програма за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик*
   *Субвенционирано вработување за невработени млади лица до 29 години преку ослободување од придонеси*
   *Субвенционирано вработување на лица со инвалидност*

4. **Обука**

   *Обука кај познат работодавач*
   *Обука на работното место со субвенционирано вработување*
   *Обука за задоволување на побарувани занимања на пазарот на трудот*
   *Обука за задоволување на побарувани занимањана пазарот на трудот кај приватни спроведувачи на обука*
   *Обука за напредни ИТ вештини*
   *Практикантство*
   *Анкета за слободни работни места*
   *Обука за основни вештини за вработување (странски јазици и компјутери)*

5. **Општинско-корисна работа**

*Програма за општинско-корисна работа*

6. **Пилот-програми**

*Програма за воспоставување на бизниси во мултиетничките заедници*
*Обука за енергетско-ефикасна градба и градежни инсталации*
*Обука од областа на обезбедувањето*
*Обука од областа на туризмот*
*Инкубатор за занаетчии*
*Обука за животни вештини*

Сите невработени лица-активни барател на работа евидентирани во регистарот на Агенцијата за вработување имаат право на пристап до услугите и програмите за вработување утврдени во Оперативниот план за 2015 година. Приоритетот за учество се доделува врз основа на условите и критериуми утврдени во секоја одделна услуга/програма. Како општо правило, во сите услуги и програми за вработување наведени во Оперативниот план ќе се настојува да се постигне еднаква застапеност на мажите и жените, и стапка на учество на младите (до 29 години) од најмалку 30 проценти.

Во Оперативниот план за 2015 година се воведуваат неколку механизми за зголемување на ефикасноста во испораката на услугите и спроведувањето на програмите за вработување,за поедноставување на административните процедури и олеснување на севкупното спроведување на програмите.

**Прво**, Оперативниот план за 2015 година ги утврдува основните принципи што треба да се почитуваат при испораката на услугите и имплементацијата на програмите за вработување, како што се целта, описот на услугата односно мерката, опфатот и целните групи, распределба на средствата, нивни извори и надлежности за имплементација. АВРМ и другите партнери во имплементацијата се одговорни да утврдат детални административни процедури и постапки за испорака на услугите и реализација на програмите за вработување.

**Второ**, Оперативниот план за 2015 година предвидува примена на исти критериуми за избор на работодавачи кои што ќе покажат интерес за вклучување во спроведувањето на програмите за вработување. Критериумите се однесуваат на:1) почитување на постојните прописи за вршење на дејност, оданочување и работни односи (пријавување, плаќање придонеси за социјално осигурување; и плаќање на даноци);2) задржување на бројот на вработени во периодот пред и за време на учеството во програмата. За одредена програма/мерка, може да се применат и дополнителни критериуми. Како општо правило, работодавачите може да аплицираат во програмите/мерките во текот на целата фискална година (отворен повик за аплицирање), освен доколку со оперативните упатства за спроведување на специфичната програма/мерка не се предвидени други процедури. Планот предвидува и финансиски средства за промоција на услугите и програмите заради подобро информирање на работодавачите и невработените лица.

**Трето**, упатувањето на невработените лица до услугите и програмите за вработување ќе се врши врз основа на јавни повици за аплицирање, кои ќе бидат отворени во текот на целата година и со посредување. Центрите за вработување ќе ги применуваат принципите утврдени со новиот модел на услуги на АВРМ, како што се профилирање (согледување на вработливоста) и индивидуализиран пристап кон невработените лица. Со невработените лица-активни барател на работа евидентирани во регистарот на невработени лица на АВРМ, кои ги исполнуваат критериумите утврдени во одредена програма/мерка, ќе се контактира на повеќе начини (телефон, СМС, е-пошта) и ќе им се понуди учество во соодветната програма/мерка. Одбивањето на невработените лица да учествуваат во понудената услуга или

програма/ мерка за вработување ќе доведе до губење на статусот на “невработено лице регистрирано во АВРМ“. Истовремено, невработените лица-активни баратели на работа евидентирани во регистарот на АВРМ, ќе имаат можност да аплицираат преку отворениот јавен повик за пријавување започнат на почетокот од фискалната година за сите програми/мерки за вработување. Во целиот период на траење на отворениот јавен повик, вработените во центрите за вработување, ќе вршат посредување и упатување на заинтересираните лица.

Оперативниот план за услуги на пазарот на труд и активните програми и мерки за вработување за 2015 година ги опфаќа и услугите за вработување. Ваквите услуги, кои секојдневно ги испорачуваат вработените во центрите за вработување на АВРМ, често се занемаруваат, иако се клучен предуслов за олеснување на вработувањето. Во текот на 2015 година, Агенцијата за вработување на Република Македонија ќе започне да води евиденција за бројот на услуги што ги испорачува на невработените лица и работодавачите и да го проценува просечниот трошок за нив (во смисла на просечно време што вработените го трошат по корисник), со цел да се постави солидна основа за споредба на идните оперативни планови за вработување.

Определувањето на целите за бројот на корисници на услуги на пазарот на трудот и бројот на корисници на програмите/мерките за вработувањево центрите за вработување ќе се утврди според критериуми што се утврдени во Оперативните упатства.

# 1. УСЛУГИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

## 1. УСЛУГИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Услугите за вработување се суштински дел од активните политики на пазарот на трудот. Услугите, кои ги обезбедуваат вработените во Агенцијата за вработување на Република Македонија, опфаќаат:

- ✓ *Информации за пазарот на трудот (ИПТ)*:обезбедување информации (совети „еден-на-еден", Веб-базирани информации, евиденција на слободни работни места, летоци, публикации и брошури) за пазарот на трудот (на пр., економски сектори односно претпријатија кои нудат слободни работни места, географски подрачја со поголема побарувачка на работна сила, обуки со кои се стекнуваат вештини за одредено занимање итн.);
- ✓ *Советување и насочување*: давање на сеопфатни совети за стекнување на вештини и знаења потребни за подобрување на вработливоста; насоки за изработка на апликации за работа,настап при интервјуата за работа, давање на информации кои ќе му овозможат на невработеното лице да донесе правилен избор на занимање, образование и обука и индивидуален план за вработување;
- ✓ *Вештини за барање работа:*давање на совети, насоки и краткорочни обуки како да им се пристапи на работодавачите, да се идентификуваат компаниите и економските сектори кои имаат слободни работни места;
- ✓ *Посредување при вработување*: поврзување на лицата кои бараат работа со слободните работни места;
- ✓ *Услуги за работодавачите*: помагање на работодавачите да ги задоволат своите потреби за работна сила. Услугите ќе бидат испорачани „еден-на-еден"за време на посетите на работодавачите или преку Веб-базирани алатки. Преку утврдување на вештините, знаењето и способностите што им се потребни на работодавачите за работното место, центрите за вработување ќе ги поврзат квалификациите на барателот со слободното работно место и ќе ги упатат најдобро квалификуваните кандидати.

Во 2015 година, Агенцијата за вработување на Република Македонија ќе води прецизна евиденција за услугите кои им се даваат на невработените лица и на работодавачите. Ова ќе послужи како цврста основа за поставување на идните цели и за прецизна проценка на трошоците по невработено лице вклучено во одредена услугана пазарот на труд.

| 1.1 Помош при барање на работа | |
|---|---|
| **Цел** | Невработените лица да стекнат вештини за поефикасно барање на работа |
| **Опис** | Помошта за поефикасно барање на работа опфаќа: обезбедување информации за пазарот на трудот (информации за потребни занимања, слободни работни места и услови за работа), помош при изработка на CV, советување за вработување и развивање на Индивидуален план за вработување |
| **Опфат на корисници** | 10.000 невработени лица евидентирани во регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија |
| **Потребни средства** | 3.360.000,00 денари |
| **Извори на средства** | Буџет на АВРМ |
| **Надлежна институција** | АВРМ- Центри за вработување |

**Услови и критериуми**

Целта на овие услуги е да им се обезбеди помош и поддршка на невработените лица во процесот на барање работа. Невработените лица од евиденцијата на баратели на работа на АВРМ, ќе добијат информации за состојбите и барањата на пазарот на труд, помош и зајакнување на вештините на невработените лица за успешно претставување на пазарот на труд, помош во изработка на CV, советување за вработување, претставување при интервју и планирање на процесот на барање работа преку подготовка на Индивидуален план за работа.

Услугите за поддршка при барањето работа ќе се реализираат во работните клубови на центрите за вработување.

| Помош при барање на работа – МЛАДИ ДО 29 ГОДИНИ | |
|---|---|
| **Цел** | Невработените млади лица да стекнат вештини за поефикасно барање на работа |
| **Опфат на корисници** | 3.000 невработени млади лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 1.008.000,00 денари |

## 1.2 Мотивациски обуки

| | |
|---|---|
| **Цел** | Да се зголеми мотивираноста и самодовербата кај невработените лица активно да бараат работа и да се обезбедат совети и насоки при користење на услугите достапни во АВРМ |
| **Опис** | Советувања на невработените лица околу техниките на барање работа (индивидуални и групни сесии) |
| **Опфат на корисници** | 8.000невработени лица, и тоа млади лица на возраст до 29 години, со предност на оние со ниски квалификации и долгорочно невработени лица евидентирани во регистарот на АВРМ |
| **Потребни средства** | 2.688.000,00денари |
| **Извори на средства** | Буџет на АВРМ |
| **Надлежна институција** | АВРМ- Центри за вработување |

**Услови и критериуми**

Во мотивациските обуки ќе се вклучат млади невработени лица на возраст до 29 години (со предност на оние со ниски квалификации)и долгорочно невработени лица од евиденцијата на невработени лица на АВРМ, со цел невработените лица да се стекнат со одредени знаења за начините на активно барање на работа и да се мотивираат за користење на услугите на АВРМ.

Обуките ќе се реализираат преку индивидуални и групни еднодневни сесии, како што се советување и мотивирање за користење на техниките за активно барање работа. Мотивационите обуки ќе ги спроведуваат вработените од центрите за вработување при АВРМ.

| **Мотивациски обуки – МЛАДИ ДО 29 ГОДИНИ** | |
|---|---|
| **Цел** | Да се зголеми мотивираноста и самодовербата кај невработените млади лица активно да бараат работа и да се обезбедат совети и насоки при користење на услугите достапни во АВРМ |
| **Опфат на корисници** | 2.400 невработени млади лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 806.400,00 денари |

## 1.3 Посредување при вработување

| | |
|---|---|
| **Цел** | Да се олесни поврзувањето на понудата и побарувачката на работна сила |
| **Опис** | Советување и помош за работодавачите при идентификување и вработување на работници (опис и формулација на работното место и првичен избор на кандидати за работата и организирање интервјуа за работа) |
| **Опфат на корисници** | 3.000 барања за посредување при вработување |
| **Потребни средства** | 1.008.000,00 денари |
| **Извори на средства** | Буџет на  АВРМ |
| **Надлежна институција** | АВРМ- Центри за вработување |

**Услови и критериуми**

АВРМ дава услуги за посредување при вработување со цел да ги задоволи потребите на работодавачите, преку идентификување и упатување на соодветни кандидати за слободните работни места.

Посредувањето при вработување го врши Центарот за вработување на подрачјето каде се наоѓа седиштето на работодавачот. Центарот за вработување го спроведува посредувањето по добивање на Барање за посредување од страна на работодавачот. Оваа услуга опфаќа советување и помош на работодавачите преку пребарување на кандидати за слободни работни места од евиденцијата на невработени лица, спроведување на пред-селекција, упатување кај работодавачот на интервју за вработување и др.

Овој процес ги зема предвид барањата и очекувањата на работодавачите и има за цел полесно поврзување на понудата и побарувачката на работна сила.

## 1.4 Услуги за работодавачите

| | |
|---|---|
| **Цел** | На работодавачите да им се понудат квалитетни услуги за задоволување на нивните потреби од работна сила. |
| **Опис** | Услугите за работодавачите вклучуваат доставување на информации, советување и насоки за услугите и програмите достапни во АВРМ, совети за вработување, совети од областа на трудовото законодавство, учество на саеми за вработување и сл. |
| **Опфат на корисници** | 5.000посети на работодавачи |
| **Потребни средства** | 1.680.000,00денари |
| **Извори на средства** | Буџет на АВРМ |
| **Надлежна институција** | АВРМ- Центри за вработување |

**Услови и критериуми**

Услугите за работодавачите имаат за цел на работодавачите да им обезбедат ефикасен пристап до квалитетна работна сила.

Услугите за работодавачите опфаќаат навремено информирање и советување за услугите, програмите и мерките за вработување кои ги спроведува АВРМ, континуирано известување и информирање на работодавачите за сите тековни активности и услуги кои можат да ги користат, советување за вработување, доставување информации за пазарот на труд, појаснување на правната регулатива, известување преку печатени и електронски медиуми, Веб страницата на АВРМ и др.

Со работодавачите ќе се организираат заеднички активности како што се: саеми за вработување, форуми за работодавачи и други заеднички активности.

## 1.5Подготовка за вработување и за работа

| | |
|---|---|
| **Цел** | Младите невработени лица да усвојат знаења и да развијат вештини што се бараат на пазарот на трудот како подготовка за вработување и за работа, за да им се овозможи полесна и побрза интеграција на пазарот на трудот |
| **Опис** | Обука обезбедена од вработените на АВРМ за личен развој, развој на вештини за барање работа; комуникациски вештини, соодветно однесување на работно место, тимска работа и лидерство, безбедност, права и обврски на работа, и финансиски вештини |
| **Опфат на корисници** | 3.000 млади лица на возраст од 18-29 години, кои бараат работа, евидентирани во регистарот на АВРМ |
| **Потребни средства** | 1.008.000,00денари |
| **Извори на средства** | Буџет на АВРМ |
| **Надлежна институција** | АВРМ- Центри за вработување |
| **Партнер институција** | УСАИД |

**Услови и критериуми**

Обуките за подготовка за вработување и за работа ќе бидат насочени кон млади лица на возраст од 18-29 години, кои бараат работа и се на евиденција на невработени лица на АВРМ.

Обуките за подготовка за вработување и за работа, ќе се организираат и реализираат од вработените во работните клубови на Центрите за вработување, според планот на АВРМ за реализација на оваа активност, а со поддршка на УСАИД Проектот ”Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување (YES мрежа)”. Целта на овие обуки е да им се помогне на младите да усвојат знаења и вештини за барање работа, вработување и задржување на работното место. Обуките ќе се спроведуваат преку работилници во траење од 25 часа и ќе се разработуваат 8 различни модули. По завршување на обуките невработените лица ќе добијат сертификат за учество во обука.

## 1.6Професионална ориентација и кариерно советување

| | |
|---|---|
| **Цел** | Невработените лица кои бараат работа, да се стекнат со вештини за истражување на можностите за кариера, вештини за барање работа и планирање на сопствениот кариерен развој |
| **Опис** | Професионална ориентација/кариерно советување преку примена на техники за проценка на карактеристиките на невработените лица, индивидуално и групно советување и планирање на кариерниот развој, изработка на кариерни планови и др. |
| **Опфат на корисници** | 1.800 невработени лица и лица на возраст од 18-29 години, евидентирани во регистарот на АВРМ |
| **Потребни средства** | 604.800,00денари |
| **Извори на средства** | Буџет на АВРМ |
| **Надлежна институција** | АВРМ- Центри за вработување |
| **Партнер институција** | УСАИД |

**Услови и критериуми**

Професионална ориентација и кариерното советување ќе бидат насочени кон невработени лица и млади лица на возраст од 18-29 години, кои бараат работа и се на евиденција на невработени лица на АВРМ.

Целта на професионалната ориентација и кариерното советување е да им се помогне на невработените лица да ги зајакнат вештините за планирање и управување со сопствената кариера и помош при изборот на занимање согласно нивните знаења, интереси, вредности и други карактеристики на личноста. Тоа ќе се реализира од страна на кариерните советници во центрите за вработување, преку индивидуална или групна работа со невработени лица.

Во процесот на професионална ориентација и кариерно советување ќе се применуваат и алатки за проценка. Невработените лица ќе можат да го користат инструментот Батерија на тестови за професионална ориентација (за испитување на лични карактеристики кои се потребни за успешно вклучување на пазарот на трудот) кој ќе биде достапен on-line на веб порталот на АВРМ.

| **Професионална ориентација и кариерно советување – МЛАДИ ДО 29 ГОДИНИ** | |
|---|---|
| **Цел** | Невработените лица  кои бараат работа, да се стекнат со вештини за истражување на можностите за кариера, вештини за барање работа и планирање на сопствениот кариерен развој |
| **Опфат на корисници** | 540 невработени млади лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 181.440,00 денари |

## 1.7 Услуги за активирање на поединците изложени на ризик од социјално исклучување

| | |
|---|---|
| **Цел** | Да се зголеми пристапот и учеството на лицата изложени на ризик од социјално исклучување до услугите и програмите за вработување достапни во Агенцијата за вработување |
| **Опис** | Преку активности на терен ќе бидат ангажирани, ментори и тренери во идентификување на невработени лица кои покажуваат интерес да се вклучат на пазарот на труд, нивно анимирање, мотивирање, промоција на можностите за вработување и дополнителна обука, вработување, самовработување, поддршка на кандидатите после вработувањето или регистрирањето на сопствен бизнис и следење на успешноста на кандидите |
| **Опфат на корисници** | 800 невработени лица евидентирани во регистарот на АВРМ кои се припадници на групи во ризик од социјално исклучување |
| **Потребни средства** | 2.916.000,00 денари |
| **Извори на средства** | УНДП |
| **Надлежна институција** | АВРМ, МТСП, УНДП, РИЦ |

**Услови и критериуми**

Услугите ќе бидат насочени кон сите невработени Роми и лица под ризик од социјална исклученост. Невработените лица ќе имаат пристап до тимот на тренери и ментори, кои ќе бидат ангажирани во локалните заедници да ги мотивираат и редовно информираат за можностите за вработувања или за подобрување на професионалните капацитети, што се нудат во локалната заедница или преку националните програми и мерки за вработување.

Оваа услуга првенствено ќе се насочи кон корисниците на социјална помош, долгорочно невработените и другите групи кои се соочуваат со конкретни пречки за влез на пазарот на трудот, пред да се упатат во активните програми на пазарот на трудот.

Истовремено, на невработените лица под ризик од социјално исклучување ќе им бидат идентификувани знаењата, квалификациите и вештините со кои располагаат и ќе бидат упатувани кон соодветните програми расположливи или преку Оперативниот План 2015 или другите можности за подобрување на квалификациите или комплетирање на образованието што се нудат преку системот на неформално образование. Програмата ќе спроведува индивидуален пристап во зависност од специфичните потреби на потенцијалните корисници.

Тренерите и менторите ќе бидат обучени и редовно информирани за можностите за вработувања или за подобрување на професионалните капацитети и тесно ќе соработуваат со одговорните лица во АВРМ-центри за вработување, ЦСР, РИЦ за добивање подетални информации.

| **Услуги за активирање на поединците изложени на ризик од социјално исклучување – МЛАДИ ДО 29 ГОДИНИ** | |
|---|---|
| **Цел** | Да се зголеми пристапот и учеството на младите лица изложени на ризик од социјално исклучување до услугите и програмите за вработување достапни во Агенцијата за вработување |
| **Опфат на корисници** | 240 невработени млади лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |

| | |
|---|---|
| **Потребни средства** | 874.800,00 денари |

# 2. РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

## 2. РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

| 2. Програма за самовработување |
|---|

| | |
|---|---|
| **Цел** | Да се поддржат невработените лица во основање сопствена фирма, формализирање на веќе постоечка (неформална) дејност и во создавање дополнителни вработувања |
| **Опис** | Оваа програма вклучува обука за претприемништво, помош при развивање одржлив бизнис-план и регистрирање на дејност, неповратни грантови во форма на опрема и материјали, и менторство во време на започнување на бизнисот |
| **Опфат на корисници** | 960невработени лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа[2] |
| **Потребни средства** | 202.454.100,00денари |
| **Извори на средства** | Буџет на МТСП за АВРМ за УНДП |
| **Надлежна институција** | МТСП, АВРМ и УНДП |
| **Надлежна институција** | АППРМ, ЦРМ, Занаетчиски комори |

**Услови и критериуми**

Право на учество во програмата Самовработување имаат сите невработени лица регистрирани како активни баратели на работа.

1.500 учесниците во програмата Самовработување ќе стекнат право да добијат обука за претприемништво. Од нив 1.050 ќе бидат избрани за поддршка за изработка на бизнис план. 900 невработени лица кои доставиле најдобри бизнис планови ќе добијат помош при регистрација на сопствен бизнис и ќе добијат грант во форма на опрема и/или материјали за започнување на бизнисот.

За реализација на секое самовработување се предвидува поддршка со неповратни средства во висина на 201.600,00денари, од кои 185.000,00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема и/или репроматеријали, додека останатите 16.600,00 денари служат за поддршка во вид на основна обука за претприемништво и водење бизнис во времетраење од најмалку 30 часа, ваучер систем за изработка на бизнис план и поддршка при регистрирање на бизнисите.

За лицата за коишто во процесот на аплицирање ќе се утврди дека преку оваа програма ќе формализираат постојан бизнис, ќе се организира 30 часовна обука за унапредување на претприемачките и менаџерски вештини. И за оваа група учесници, се предвидува поддршка со неповратни средства во висина на 201.600,00денари од кои 185.000,00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема и/или репроматеријали, додека останатите 16.600,00 денари служат за обезбедување на горенаведената обука, ваучер за изработка на бизнис план и помош при регистрација на сопствениот бизнис.

Најуспешните 32 кандидати (од 900 селектирани за поддршка) кои ќе презентираат одржливи и иновативни бизнис-планови и согласно критериумите за евалуација се оценети за бизниси кои имаат најголем потенцијал за раст ќе добијат грант во вкупен износ од 257.000,00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема и/или репроматеријали.

[2] Согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност членот 98 –б, (детално образложено во мерката Субвенционирано вработување за невработени млади лица)

Кандидатите кои ќе презентираат одржлив бизнис план, кој јасно укажува на потреба од вработување на најмалку две лица за успешно функционирање на бизнисот но и преку економски и финансиски параметри ја потврдува одржливоста на дополнителното вработување, имаат можност да аплицираат за грант кој ќе поддржи самовработување на основачот на фирмата и дополнително вработување за најмногу 1 лице. Во тој случај, средствата на вкупниот грант ќе изнесуваат 293.600,00 денари од што 201.600,00 денари за реализација на самовработувањето и отворање на бизнисот и 92.000,00 денари за дополнително вработено лице. Основачот на правниот субјект ќе има обврска да го задржи дополнително вработеното лице најмалку 12 месеци. Вкупниот број на бизниси што ќе бидат поддржани со грант за самовработување и дополнително вработувања нема да надмине 60 во текот на една година.

Програмата самовработување нема да поддржува основање на бизнис во земјоделска дејност, односно дејност од Сектор А/А, Оддел 01 – Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани за нив.

Приоритет за вклучување во Програмата ќе имаат невработените лица кои првпат аплицираат за користење на грант.

Преку програмата за самовработување ќе биде обезбеден и грант за основање на сопствена фирма за 5 занаетчии, кои ќе бидат сместени во Инкубаторот за занаетчии.

Сите ново отворени бизниси во текот на првата година од работењето ќе имаат можност преку АППРМ и регионалните центри, факултетите или индивидуални експерти/ментори да добијат дополнителна советодавно- информативна поддршка. Поддршката не би била само во насока на започнување на бизнис, туку и на обезбедување континуирана поддршка на претприемачите во сите области – деловно и финансиско работење, унапредување на техничко – технолошки процеси, законска регулатива и сл.

Ако фирмата основана со грант за самовработување престане со својата дејност, основачот/грантистот е должен да врати: 80 проценти од грантот, доколку дејноста престане во рок од една година од регистрацијата на фирмата или 60 проценти од грантот, доколку дејноста престане во рок од две години од регистрацијата на фирмата.

Лицата кои ќе ги искористат средствата за набавка на опрема и/или материјали преку Програмата Самовработување, не може да се вратат во евиденцијата на невработени лица до истекот на рокот на договорот или се додека не го врати долгот произлезен од непочитување на одредбите во Договорот.

| **Програма за самовработување – МЛАДИ ДО 29 ГОДИНИ** | |
|---|---|
| **Цел** | Да се поддржат невработените млади лица во основање сопствена фирма, формализирање на веќе постоечка (неформална) дејност и во создавање дополнителни вработувања |
| **Опфат на корисници** | 288 невработени млади лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 60.736.230,00 денари |

# 3. СУБВЕНЦИОНИРАНИ РАБОТНИ МЕСТА

## 3. СУБВЕНЦИОНИРАНИ РАБОТНИ МЕСТА

### 3.1 Поддршка на растот на микро и мали претпријатија за создавање на нови работни места

| | |
|---|---|
| **Цел** | Да се поддржи создавање на работни места во микро и малите претпријатија |
| **Опис** | Неповратен грант во опрема и материјали наменет за успешни и иновативни микро и мали претпријатија, заради отворање на нови работни места |
| **Опфат на корисници** | 200 невработени лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 18.400.000,00 денари |
| **Извори на средства** | Буџет на МТСП за АВРМ за УНДП |
| **Надлежна институција** | МТСП,АВРМ, УНДП и АППРМ |

**Услови и критериуми**

Во оваа програма, со неповратен грант во форма на опрема и материјали (92.000,00 денари) ќе се поддржи создавање на нови работни места со полно работно време во претпријатија кои1) биле регистрирани најмалку една година; 2) ги исполниле сите обврски за даноци и придонеси за социјално осигурување; 3) не го намалиле бројот на вработени во шесте месеци пред поднесувањето на апликацијата.

Претпријатијата кои вработуваат невработени лица во рамките на оваа програма се должни да го задржат на работа субвенционираниот работник уште 12 месеци без да не го намалат бројот на вработени.

Од програмата ќе бидат изземени микро и мали претпријатија регистрирани во дејност земјоделство. Истовремено, корисниците на оваа програма ќе бидат изземени од користење на можностите, што ги уредува Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност во однос на членовите 98-а и со членот 98-б за вработување на невработено лице до 29 години.

| **Поддршка на растот на микро и мали претпријатија за создавање на нови работни места – МЛАДИ ДО 29 ГОДИНИ** | |
|---|---|
| **Цел** | Да се поддржи создавање на работни места за млади невработени лица до 29 години во микро и мали претпријатија |
| **Опфат на корисници** | 60 невработени млади лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 5.520.000,00 денари |

## 3.2 Програма за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик

| | |
|---|---|
| **Цел** | Да се поттикнат претпријатијата да вработуваат лица во социјален ризик |
| **Опис** | Шест месеци субвенционирање за работното место кај работодавачи кои ќе вработат регистрирани невработени лица,кои што се во социјален ризик, при што работодавачот се обврзува да ги задржи овие лица во работен однос најмалку уште дополнителни шест месеци |
| **Опфат на корисници** | 136 невработени лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа.<br>1. Приоритетни целни групи:<br>- корисници на социјална парична помош (СПП) кои се на возраст помеѓу 16 и 29 години,<br>- лица кои до 18 годишна возраст имале статус на деца без родители и родителска грижа (корисници на парична помош 18-26),<br>- лица кои биле корисници на програмата условен паричен надомест за средно образование.<br>2. Корисници на социјална парична кои припаѓаат на било која друга возрасна група,<br>3. Лица, кои се:<br>• Членови на семејства корисници на едно од следниве права: Постојана парична помош и Детски додаток<br>• Жртви на семејно насилство кои се сместени во шелтер центри или чијшто месечен семеен приход по член на семејство во годината пред годината во која аплицираат е понизок од 50% од последната просечна нето плата објавена од Државниот завод за статистика<br>• Лица кои биле корисници на државна стипендија во последните 15 години и чијшто месечен семеен приход по член на семејство во годината пред годината во која аплицираат е понизок од 50% од последната просечна нето плата објавена од Државниот завод за статистика<br>• Лица до 29 години чијшто месечен семеен приход по член на семејство во годината пред годината во која аплицираат е понизок од 50% од последната просечна нето плата објавена од Државниот завод за статистика<br><br>Вкупниот број на вработувања во рамките на оваа програма врз основа на критериумот **млади лица до 29 години** со ниски примања не смее да надминува повеќе од 15% од вкупниот број на склучени договори за вработување во рамките на оваа програма |
| **Потребни средства** | 18.000.000,00 денари |
| **Извори на средства** | Буџет на МТСП (Кредит на СБ) за АВРМ |
| **Надлежна институција** | МТСП, АВРМ, ЦСР |

**Услови и критериуми**

Оваа програма е насочена кон лицата кои се во социјален ризик евидентирани како невработени во АВРМ.

Субвенцијата ќе се исплаќа во два износи – еден понизок за лицата кои немаат квалификации и еден повисок за оние лица со повисок степен на образование или кои ќе бидат вработени на места на кои се извршуваат покомплексни работни задачи.

Вработените лица кои немаат квалификации ќе добиваат субвенција за бруто месечна плата во износ од 13.500,00 денари. Лицата со повисок степен на образование или оние кои ќе бидат вработени на места на кои се извршуваат покомплексни работни задачи, ќе добиваат субвенција за бруто месечна плата во износ од 17.000,00 денари. Субвенцијата ќе се исплаќа во текот на првите 6 месеци од периодот на субвенционирано вработување, кое треба да трае најмалку 12 месеци.

Дополнително, во текот на првите 6 месеци од периодот на субвенционираното вработување, на работодавачот ќе му се исплаќаат по 5.000,00 денари месечно по вработено лице, и истите ќе бидат наменети за покривање на трошоците за обука и материјали. Со тоа, вкупните износи на субвенциите кои ќе им се исплаќаат на работодавачите ќе изнесуваат 18.500,00 денари односно 22.000,00 денари.

За времетраење на работниот однос на лицата корисници на социјална помош вклучени во програмата ќе им мирува правото на користење на социјална помош.

| **Програма за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик – МЛАДИ ДО 29 ГОДИНИ** | |
|---|---|
| **Цел** | Да се поттикнат претпријатијата да вработуваат млади лица во социјален ризик |
| **Опфат на корисници** | 41 невработени млади лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 5.400.000,00 денари |

**3.3 Субвенционирано вработување за невработени МЛАДИ ЛИЦА ДО 29 ГОДИНИ преку ослободување од придонеси**

| | |
|---|---|
| **Цел** | Да се поттикнат претпријатијата да вработуваат млади лицана возраст до 29 години |
| **Опис** | Ослободување од плаќање на придонеси за социјално осигурување и персоналниот данок на доход предвидено за работодавачи кои ќе вработат регистрирани невработени на возраст под 29 години, во согласност со одредбите од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност[3] |

---

[3]Член 98 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност Услови:Работодавач кој ќе вработи работник на неопределено време над бројот на вработените на неопределено време на денот на вработувањето на нови работници, се ослободува од плаќање на персоналниот данок од доход за нововработените работници за време од три години.

За остварување на правото од став 1 на овој член, нововработените работници мора да биле евидентирани како невработени лица во Агенцијата најмалку една година.

Ако работодавач го намали бројот на работниците вработени на неопределено време на денот на вработувањето на нови работници, го губи правото од став 1 на овој член и е должен да го плати персоналниот данок од доход за времето за кое го користел правото на ослободување.

Работодавач кој започнува вршење на дејност како трговец поединец или основа трговско друштво, како и физичко лице кое врши дејност во согласност со закон, има право на ослободување од став 1 на овој член, доколку

| | |
|---|---|
| **Индивидуални корисници** | 5.000 млади невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа на АВРМ |
| **Потребни средства** | 292.800.000,00 денари[4],[5] |
| **Извори на средства** | Буџет на Република Македонија |
| **Надлежна институција** | АВРМ,МТСП |

**Услови и критериуми**

Во Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност со членот 98–б се уредува можноста работодавачот од приватен сектор, кој ќе вработи невработено лице до 29 години со полно работно време и кај кого нема намалување на бројот на вработените на неопределено време сметано од 31.12.2013 година до денот на вработувањето на нови работници, освен во случаи на смрт или пензионирање, по негово барање да биде ослободен од плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување.

Ослободувањето од плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување се однесува до просечна бруто плата за претходната година објавена од Државниот завод за статистика, а за разликата над просечната бруто плата се пресметуваат и плаќаат придонеси од задолжително социјално осигурување.

Периодот на ослободување од плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување 12 месеци, со обврска да го задржат на работа субвенционираниот млад работник уште 12 месеци. Субвенцијата на работното место доделена на претпријатијата ќе изнесува 37 проценти (27 проценти придонес за социјално осигурување пензиско и здравствено осигурување и ( 10 проценти персонален данок на доход кај апликатибилни претпријатија согласно член 98 (види фуснота бр.3) од бруто просечната плата утврдена од Државниот завод за статистика.

## 3.4 Субвенционирани работни места за лицата со инвалидност

| | |
|---|---|
| **Цел** | Да се зголеми вработливоста и можностите на пазарот на трудот за невработените лица со инвалидност |
| **Опис** | Оваа програма ќе се спроведува во согласност со принципите утврдени во *Законот за вработување на лица со инвалидност* |
| **Опфат на корисници** | 317 невработени лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа со инвалидност, како што е предвидено со *Законот за вработување на лица со инвалидност* |
| **Потребни средства** | 200.000.000,00 денари |
| **Извори на средства** | Буџет на АВРМ - потсметка на Посебниот фонд за лицата со инвалидност |
| **Надлежна институција** | МТСП, АВРМ |

**Услови и критериуми**

---

достави доказ од надлежниот регистарски орган дека пред отпочнувањето на вршењето на дејноста не бил регистриран за вршење на дејност.

[4]Проценката се базира врз бројот на вработени млади лица во2014 година, кои ја искористиле оваа законска можност.
[5]Во 2014 година, 37процентиодпросечнатабрутомесечнаплатаизнесува 4.880,00 денари.

АВРМ ги презема сите потребни активности за доделување субвенции за лица со инвалидност, во согласност со *Законот за вработување на лица со инвалидност* и одредбите од Правилникот за доделување неповратни грантови од Посебниот фонд. Работодавачите се должни да доставуваат месечни изводи како доказ за исплата на платата за субвенционираните лица со инвалидност.

# 4. ОБУКА

## 4. ОБУКА

### 4.1 Обука кај познат работодавач

| | |
|---|---|
| **Цел** | Целта на оваа програма е на невработените лица да им се обезбедат вештини за извршување на работните задачи кои ги бара работодавачот и поттикнување на побарувачката за работа |
| **Опис** | Со оваа мерка им се обезбедува обука на невработените лица за извршување на задачите кои се бараат на работното место понудено од работодавачот |
| **Опфат на корисници** | 1.000 невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа на АВРМ [6],[7] |
| **Потребни средства** | 22.617.000,00денари |
| **Извори на средства** | ИПА Директен грант кон АВРМ |
| **Надлежна институција** | АВРМ,МТСП |

**Услови и критериуми**

Обуката ќе се реализира на работно место во рок од 3 месеци и ќе ги опфати невработените лица евидентирани во регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија, со приоритет на лицата со основно или средно образование.

Домашните компании кои се заинтересирани да склучат или склучиле договор за соработка со странските инвеститори во Република Македонија ќе добијат приоритет за вклучување во Програмата.

Невработеното лице ќе добива паричен надомест од 6.200,00 денари месечно, вклучувајќи и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување. Работодавачот е должен месечно да доставува до АВРМ листа за евиденција на присуството.

Работодавачот е должен да спроведе програма за обука во согласност со претходно утврден план за обука. Работодавачот ќе добие паушален износ за менторство и материјални трошоци еднаков на 1.339,00 денари по обучувано лице. Еден работодавач може максимално да обучи на работно место до 20 лица и не може да врши повеќе од една подготовка за вработување за исто лице, за исто занимање и за иста дејност.

Работодавачот ќе има обврска на работа да задржи најмалку 50 проценти од обучените лица и да не го намали бројот на вкупно вработени со полно работно време во период од 6 месеци. На корисниците на социјална помош за времетраење на обуката ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

**Обука кај познат работодавач – МЛАДИ ДО 29 ГОДИНИ**

---

[6]Согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност со членот 98 –асе уредува можноста Работодавачот од приватен сектор, кој ќе вработи невработено лице, корисник на социјална парична помош, кај кого нема намалување на бројот на вработените на неопределено време три месеци пред денот на вработувањето на нови работници, освен во случаи на смрт или пензионирање, ќе добие субвенција за вработеното лице во висина од 80% од висината на социјалната парична помош исплатена на лице/домаќинство за претходниот месец, од месецот во кој лицето е вработено.

[7]Согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност членот 98 –б, (детално образложено во мерката Субвенционирано вработување за невработени млади лица)

| | |
|---|---|
| **Цел** | Целта на оваа програма е на невработените млади лица да им се обезбедат вештини за извршување на работните задачи кои ги бара работодавачот и поттикнување на побарувачката за работа |
| **Опфат на корисници** | 300 невработени млади лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 6.785.100,00 денари |

| 4.2Обука на работното место со субвенционирано вработување | |
|---|---|
| **Цел** | Стекнување на стручни знаења и вештини за извршување на работните задачи и поттикнување вработување на евидентирани невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот(Ранливи категории на невработени лица[8]) |
| **Опис** | Оваа програма е комбинација од стекнување стручно знаење и вештини за подобрување на продуктивноста на поединците и финансиска поддршка – субвенција за нивното вработување |
| **Опфат на корисници** | 476 невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа на АВРМ |
| **Потребни средства** | 63.117.600,00денари |
| **Извори на средства** | АВРМ - Потсметка за активни програми и мерки за вработување |
| **Надлежна институција** | АВРМ,МТСП |

**Услови и критериуми**

Мерката ќе опфати невработени лица евидентирани во регистарот на Агенцијата за вработување.

Приоритет ќе имаат следните категории на невработени лица:

- лица на возраст 50-55 години
- лица со основно образование и помалку
- млади лица до 29 години со основно образование
- долгорочно невработените
- корисниците на социјална помош и лицата од ранливите категории на население соочени со бариери на пазарот на трудот

Корисниците на социјална помош ќе продолжат да добиваат парична помош во текот на обуката, при што вкупното времетраење на примање на субвенција не може да надмине 18 месеци. Ако корисникот е отпуштен пред истекот на субвенционираната програма, тој има право да се врати во регистарот на корисници на социјална помош.

Обуката на работното место ќе трае три месеци. Работодавачот е должен да ја спроведе програмата врз основа на претходно подготвен план за обука и на учесниците во обуката да им издаде потврда за спроведената практична обука.

Обучуваните лица ќе добијат 6.200,00 денари месечно, со вклучено осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување.

По завршување на обуката на работното место, работодавачот е обврзан да ги вработи сите обучени лица за што ќе добие субвенција за вработување во форма на финансиска поддршка за бруто плата во износ од 19.000,00 денари месечно за период од 6 месеци со полно работно време од кои 14.000,00 денари за невработеното лице и 5.000,00 денари ги задржува работодавачот, како надомест за направените трошоци за подготовка на лицето во работниот процес.

[8]Ранливите категории на невработени лица се: млади лица до 29 години со ниски квалификации, жртви на семејно насилство, деца без родители и родителска грижа, бездомни лица, поранешни корисници на дрога, родители на деца на улица, самохрани родители, Роми, осудени лица по отпуштање од казнено поправна установа, невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку 1 година, млади невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку 6 месеци, родители на деца со пречки во развојот, како и родители на 3 и повеќе деца.

Работодавачот има обврска да го задржи на работа субвенционираниот работник во следните 12 месеци и да не го намали бројот на вработените на неопределено време.

| **Обука на работното место со субвенционирано вработување – МЛАДИ ДО 29 ГОДИНИ** | |
|---|---|
| **Цел** | Стекнување на стручни знаења и вештини за извршување на работните задачи и поттикнување вработување на евидентирани невработени млади лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот |
| **Опфат на корисници** | 142 невработени млади лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 18.935.280,00 денари |

| 4.3 Обука за задоволување на побарувани занимања на пазарот на трудот |
|---|

| | |
|---|---|
| **Цел** | Целта на мерката е да се зголеми вработливоста на невработените лица преку стекнување знаења за занимања барани на пазарот на трудот |
| **Опис** | Програмата за обука ја спроведуваат средни стручни училишта и верификувани приватни спроведувачи на обуки |
| **Опфат на корисници** | 220 невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа на АВРМ |
| **Потребни средства** | 12.056.000,00денари |
| **Извори на средства** | ИПА Директен грант кон АВРМ |
| **Надлежна институција** | Верификувани приватни спроведувачи на обуки<br>Средни стручни училишта АВРМ,МТСП,МОН, ЦСОО, ЦОВ |

**Услови и критериуми**

Програмата за обука ќе се реализира во период од четири месеци кај верификуван спроведувач на обука, при што еден месец ќе се изведува во реални услови кај работодавач.

Обуката ќе овозможи стекнување вештини и знаења за занимања барани на пазарот на труд, утврдени од повеќе извори (податоци за локалниот пазар на труд, анализа на потребите од вештини на пазарот на труд, анкета спроведена од страна на организацијата на работодавачи, стопанските комори и единиците на локална самоуправа).

Обуката ќе ја спроведат средни стручни училишта и верификувани приватни спроведувачи на обуки.

Критериумите за учество во обука за секое занимање, вклучувајќи го и претходното образовно ниво, ќе бидат дефинирани во програмите за обука.

Спроведувачите на обука ќе добијат максимум 30.000,00 денари паричен надомест по обучено лице. Лицата вклучени во обуките ќе добијат месечен надомест од 6.200,00 денари (со вклучен персонален данок на доходи осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување). По завршување на обуката и проверката на стекнатите знаења и вештини учесниците ќе добијат соодветна потврда за стекнатите знаења, која ќе биде внесена во индивидуалното досие на евидентираното невработено лице.

На корисниците на социјална помош за времетраење на обуката ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

| **Обука за задоволување на побарувани занимања на пазарот на трудот – МЛАДИ ДО 29 ГОДИНИ** | |
|---|---|
| **Цел** | Целта на мерката е да се зголеми вработливоста на невработените млади лица преку стекнување знаења за занимања барани на пазарот на трудот |
| **Опфат на корисници** | 66 невработени млади лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |

| | |
|---|---|
| **Потребни средства** | 3.616.800,00 денари |

## 4.4 Обука за задоволување на побарувани занимања на пазарот на труд кај приватни спроведувачи на обука

| | |
|---|---|
| **Цел** | Целта на програмата е да се зголеми вработливоста на невработените лица преку стекнување знаења и вештини за занимања барани на пазарот на трудот |
| **Опис** | Програмата за обука ја спроведуваат верификувани спроведувачи на обуки (приватни компании, стопански комори, занаетчиски комори) |
| **Опфат на корисници** | 181 невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа на АВРМ [9],[10] |
| **Потребни средства** | 9.918.800,00 денари |
| **Извори на средства** | АВРМ – Потсметка за активни програми и мерки за вработување |
| **Надлежна институција** | Верификувани спроведувачи на обуки (приватни компании, стопански комори, занаетчиски комори)<br>АВРМ,МТСП,МОН, ЦОВ, УНДП |

**Услови и критериуми**

Програма за обука ќе се реализира во период од четири месеци кај верификувани спроведувачи на обука, при што еден месец ќе се изведува во реални услови кај работодавач.

Обуката ќе овозможи стекнување вештини и знаења за занимања барани на пазарот на трудот, утврдени од повеќе извори (податоци за локалниот пазар на труд, анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот, анкета спроведена од страна на организацијата на работодавачи, стопанските комори и локалната власт).

Обуката ќе ја спроведат приватни компании, стопански комори, занаетчиски комори и други верификувани спроведувачи на обуки.

Спроведувачите на обука ќе добијат максимум 30.000,00 денари паричен надомест по обучено лице. Лицата вклучени во обуките ќе добијат месечен надомест од 6.200,00 денари,со вклучен персонален данок на доходи осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување. По завршување на обуката и проверката на стекнатите знаења и вештини учесниците ќе добијат соодветна потврда за стекнатите знаења, која ќе биде внесена во индивидуалното досие на евидентираното невработено лице. На корисниците на социјална помош за времетраење на обуката ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

| **Обука за задоволување на побарувани занимања на пазарот на труд кај приватни спроведувачи на обука – МЛАДИ ДО 29 ГОДИНИ** | |
|---|---|
| **Цел** | Целта на мерката е да се зголеми вработливоста на невработените млади лица преку стекнување знаења за занимања барани на пазарот на трудот |
| **Опфат на корисници** | 54 невработени млади лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |

[9]Согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност со членот 98 –а

[10]Согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност членот 98 –б, (детално образложено во мерката Субвенционирано вработување за невработени млади лица)

| | |
|---|---|
| **Потребни средства** | 2.975.640,00 денари |

## 4.5 Обука за напредни ИТ-вештини

| | |
|---|---|
| **Цел** | Мерката има за цел да се надградат вештините на евидентирани активни баратели на работа во областа на информатичката технологија со цел да се зголеми нивната конкурентност и можности на пазарот на трудот |
| **Опис** | Обука за стекнување со напредни информатичко-технолошки вештини, организирана од сертифицирани спроведувачи на обука, која води до сертификат признат на национално и на меѓународно ниво |
| **Опфат на корисници** | 270 невработени лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 22.425.660,00 денари |
| **Извори на средства** | 18.272.760,00 ИПА Директен грант кон АВРМ (за 220 лица)<br>4.152.900,00 АВРМ – Потсметка за активни програми и мерки за вработување (за 50 лица) |
| **Надлежна институција** | Сертифицирани центри за обука<br>АВРМ,МТСП, МИОЈА |

**Услови и критериуми**

Програмите за обука за напредни ИТ вештини ќе бидат насочени кон надградбата на вештините од областа на информатички технологии на евидентираните невработени лица со завршено средно или високо образование. Програмата за обука ќе ги вклучи следниве програмски пакети:

- Развивање на мрежи во JAVA (110 лица);
- Точка (DOT-NET) (110 лица);
- CAD (50 лица)

Програмите за обука се организираат во Скопје и во други градови, каде има лиценцирани спроведувачи на обуки. Право на учество во мерката имаат евидентирани невработени лица со завршено средно или високо образование. Изборот на невработените кандидати кои ќе бидат вклучени во обуката е дел од обврската на обучувачките центри, кои треба да направат претходна проверка на соодветните ИТ вештини, врз основа на дефинираните критериуми од страна на МИОЈА. Времетраењето на обуката е од 3 до 6 месеци. По завршување на обуките, лицата добиваат уверение за посетувана обука и полагаат завршен испит за стекнување со меѓународен сертификат. Полагањето на завршниот испит за програмските пакети треба да се реализира во рок од три месеци од завршување на обуките, а за лицата кои завршиле обуки од програмските пакети кои се лиценцирани од страна на MICROSOFT, ќе им биде овозможено повторно полагање на завршен испит доколку не го положиле истиот. Повторното полагање на испитот ќе се овозможи во период од три месеци од датумот кога е направено првото полагање на завршниот испит.
Лицата кои биле корисници на оваа мерка во претходните години, не може повторно да бидат вклучени во обуката.

На корисниците на социјална помош за времетраење на обуката ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

**Обука за напредни ИТ-вештини– МЛАДИ ДО 29 ГОДИНИ**

| | |
|---|---|
| **Цел** | Мерката има за цел да се надградат вештините на евидентирани млади лица активни баратели на работа во областа на информатичката технологија со цел да се зголеми нивната конкурентност и можности на пазарот на трудот |
| **Опфат на корисници** | 81 невработени млади лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 6.727.698,00 денари |

## 4.6 Практикантство

| | |
|---|---|
| **Цел** | Целта на програмата младите невработени лица да се стекнат со можности за практично учење и работно искуство кај работодавач од приватен сектор, што ќе им се овозможува подготвени да се вклучат на пазарот на трудот |
| **Опис** | Програмата им нуди на младите невработени лица до 29-годишна возраст со средно и високо образование можност да се здобијат со практични вештини и искуство кај работодавач од приватен сектор. |
| **Опфат на лица** | 1.000 невработени млади лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа [11],[12] |
| **Потребни средства** | 18.600.000,00 денари |
| **Извори на средства** | ИПА Директен грант кон АВРМ |
| **Надлежна институција** | АВРМ,МТСП, работодавачи |

**Услови и критериуми**

Програмата за практична работа е насочена кон младите невработени лица на возраст до 29 години со средно и високо образование. Практикантите ќе имаат можност за стекнување на практично знаење и вештини во приватни претпријатија. Практикантите добиваат 6.200,00 денари месечно, со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Право на учество имаат само работодавачи од приватен сектор. Работодавачот треба да подготви план и програма за обука за практична работа и да назначи ментор за практикантот.

На крајот на програмата, работодавачот ќе има обврска да издаде потврда за завршена практична работа.

На корисниците на социјална помош за времетраење на обуката ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

[11] Согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност со членот 98 –а.

[12] Согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност членот 98 –б, (детално образложено во мерката Субвенционирано вработување за невработени млади лица)

## 4.7 Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот

| | |
|---|---|
| **Цел** | Целта на програмата е да им се понуди на младите невработени лица период на учење и стекнување работно искуство во спроведување анкети |
| **Опис** | Невработени млади лица до 29-годишна возраст со средно и високо образование ќе бидат ангажирани во определен временски период за телефонско анкетирање на работодавачи за нивните потреби од вештини на пазарот на труд преку “мини кол- центар” |
| **Опфат на корисници** | 26 невработени лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 161.200,00 денари |
| **Извори на средства** | АВРМ – Потсметка за активни програми и мерки за вработување |
| **Надлежна институција** | АВРМ, МТСП |

**Услови и критериуми**

Со оваа програма се планира да бидат ангажирани евидентирани невработени лица на возраст до 29 години со завршено средно и високо образование во период од еден месец.

Врз основа на претходно подготвен прашалник преку “мини кол-центар”, практикантите ќе анкетираат повеќе од 1.000 работодавачи за нивните потреби од работна сила.

Практикантите ќе добиваат 6.200,00 денари месечно, што вклучува персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување. Менторите во АВРМ ги организираат практикантите да се здобијат со дополнителни вештини и работно искуство во спроведување анкети за квалификациите што им се потребни на работодавачите. По завршувањето на програмата, практикантот ќе добие сертификат. На корисниците на социјална помош за времетраење на обуката ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

## 4.8 Обука за основни вештини за вработување (странски јазици и компјутери)

| | |
|---|---|
| **Цел** | На невработените лица ќе им се обезбеди стекнување на знаење од странски јазици и компјутерски вештини |
| **Опис** | Програмата на невработените лица им нуди можност да се здобијат со знаење на странски јазици и компјутерски вештини, со цел зголемување на нивната вработливост |
| **Опфат на корисници** | 2.000 невработени лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 12.400.000,00денари |
| **Извори на средства** | ИПА Директен грант кон АВРМ |
| **Надлежна институција** | АВРМ - ИПА проектна канцеларија, МТСП |

**Услови и критериуми**

Во обуките ќе се вклучат невработени лица кои активно бараат работа:

- Млади лица до 29 години и
- Долгорочно невработени лица
- Жени

Цел на обуките е невработените лица да се стекнат со одредени знаења и вештини од областа на странски јазици и компјутерски вештини за зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот. По завршување на обуката невработените лица ќе се стекнат со уверение за положен соодветен степен на познавање на странски јазик или компјутерски вештини. На корисниците на социјална помош за времетраење на обуката ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

| **Обука за основни вештини за вработување (странски јазици и компјутери) – МЛАДИ ДО 29 ГОДИНИ** | |
|---|---|
| **Цел** | На младите невработени лица ќе им се обезбеди стекнување на знаење од странски јазици и компјутерски вештини |
| **Опфат на корисници** | 600 невработени млади лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 3.720.000,00 денари |

# 5. ОПШТИНСКО-КОРИСНА РАБОТА

## 5. ОПШТИНСКО-КОРИСНА РАБОТА

| 5.Програма за општинско-корисна работа |
|---|

| | |
|---|---|
| **Цел** | Цел на оваа програма е да обезбеди социјална вклученост на потешко вработливи лица заради стекнување на одредени вештини и нивно постепено вклучување на пазар на труд |
| **Опис** | Програмата ќе се реализира преку работно ангажирање на евидентирани невработени лица со скратено работно време во извршување услуги согласно потребите на граѓаните од локалната заедница |
| **Опфат на корисници** | 300 невработени лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа[13],[14] |
| **Потребни средства** | 11.160.000,00денари |
| **Извори на средства** | 4.145.900,00 денари Буџет на МТСП кон АВРМ за УНДП<br>7.014.100,00 денари АВРМ – Потсметка за активни програми и мерки за вработување за УНДП |
| **Надлежна институција** | МТСП, АВРМ, УНДП, ЦСР, единици на локална самоуправа, локални институции |

**Услови и критериуми**

Оваа програма е насочена кон невработените лица евидентирани во регистарот на Агенцијата за вработување кои им припаѓаат на ранливите групи на население, вклучувајќи ги и корисниците на социјална помош. Во период од шест месеци, невработените лица ќе бидат ангажирани со скратено работно време (20 работни часа неделно). Лицата кои ќе бидат ангажирани преку оваа програма, ќе обезбедуваат услуги за потребите на граѓаните од локалната заедница, истовремено стекнувајќи работно искуство и професионални вештини кои во иднина ќе ја зголемат нивната вработливост.

Месечниот надомест ќе изнесува 6.200,00 денари за лице, што вклучува персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување. Корисниците на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

[13]Согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност членот 98 –б, (детално образложено во мерката Субвенционирано вработување за невработени млади лица)
[14]Согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност со членот 98 –а.

| **Програма за општинско-корисна работа– МЛАДИ ДО 29 ГОДИНИ** | |
|---|---|
| **Цел** | Цел на оваа програма е да обезбеди социјална вклученост на потешко вработливи млади лица заради стекнување на одредени вештини и нивно постепено вклучување на пазар на труд |
| **Опфат на корисници** | 90 невработени млади лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 3.348.000,00 денари |

# 6. ПИЛОТ-ПРОГРАМИ

## 6. ПИЛОТ-ПРОГРАМИ

### 6.1 Програма за воспоставување на бизниси во мултиетничките заедници

| | |
|---|---|
| **Цел** | Да се промовира основање на бизниси во рурални средини во два региона со мултиетнички состав (Полошки и Североисточен) |
| **Опис** | Програмата на невработените лица ќе им понуди обука за претприемништво, помош при развивање бизнис-план и регистрирање дејност, неповратен грант во форма на опрема и материјали и менторство во време на започнување на дејноста. |
| **Опфат на корисници** | 55невработени лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа[15] |
| **Потребни средства** | 11.414.652,00денари |
| **Извори на средства** | Британската амбасада во Скопје (Консалтинг за стратешки развој) |
| **Надлежна институција** | МТСП, АВРМ, Консалтинг за стратешки развој |

**Услови и критериуми за имплементација**

Програмата ќе се фокусира на обука за претприемништво со вкупно 160 лица евидентирани во регистарот на Агенцијата за вработување во Полошки и Североисточен регион. Најуспешните 120 лица од обуката за претприемништво ќе добијат техничка поддршка за изработка на бизнис-план, правна и менторска помош, додека финансиската поддршка во форма на грант (100.000,00 денари) ќе биде достапна за 55 лица и/или задруги за набавка на опрема и други материјали. Задругите ќе имаат приоритет за финансирање, како и руралните фирми, производствените фирми, и претпријатијата кои предвидуваат вработување на повеќе од еден работник. Регистрираните фирми кои нема да вршат финансиски трансакции или кои веќе не вршат дејност во првата година од работењето се должни да вратат 30 отсто од трошоците направени во нивно име.

[15]Согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност членот 98 –б, (детално образложено во мерката Субвенционирано вработување за невработени млади лица)

| 6.2 Обука за надополнување на вештини за градење енергетско-ефикасни згради | |
|---|---|
| **Цел** | Зголемување на вработливоста на евидентираните невработените лица преку стекнување на вештини за мерки на енергетска ефикасност согласно искажаните потреби за работна сила од страна на градежните претпријатија. |
| **Опис** | Обука насочена кон невработени лица со градежна подготовка со занимањата фасадери, столари, кровопокривачи, електричари-инсталатори и работници за греење, ладење и вентилација, со цел да се обезбедат вештини за енергетски-ефикасни инсталации. |
| **Индивидуални корисници** | 50 невработени лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 620.000,00 денари |
| **Извори на средства** | Буџет на проектот „*Обука за енергетска ефикасност за градежни работници*“ финансиран од Европската агенција за мали и средни претпријатија, преку програмата „Хоризонт 2020“. |
| **Носител на проектот** | Стопанската комора на Македонија |
| **Партнери во имплементација** | Центарот за образование на возрасни во партнерство со Центарот за обука на Стопанската комора, Електро-техничкиот факултет и Факултетот за информатички технологии, Асоцијацијата за бизнис и консултанти „Креација“, ЦеПроКард и Факултетот за економија и бизнис менаџмент. |

**Услови и критериуми**

Оваа 10-дневна обука има за цел подобрување на вештините за енергетски-ефикасни инсталации кај невработените лица со искуство во занимања како што се изработка на фасади, столарија, покриви, електрични инсталации, греење, ладење и вентилација. Учесниците ќе добијат надоместок од 6.200,00 денари за периодот на обука, а давателите на обуката ќе добијат грант од 6.200,00 денари за секој учесник. Програмата за обука предвидува 5 дена теоретска настава и 5 дена практичната работа кај градежни компании кои учествуваат во проектот. По завршувањето на обуката учесниците ќе добијат сертификат.

| 6.3Обука од областа на обезбедувањето |
|---|

| | |
|---|---|
| Цел | Мерката има за цел зголемување на вработливоста на евидентираните невработените лица преку стекнување на лиценци согласно побарувањата во обезбедувањето на физичките лица и искажаните потреби за работна сила |
| Краток опис | Обуката ќе се реализира согласно со Законот за приватно обезбедување и лицата кои ќе положат испитот ќе се стекнат со лиценца за физичко оспособување. |
| Опфат на корисници | 20 невработени лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа со статус на деца без родител или примятели на социјална парична помош |
| Потребни средства | 420.000,00 денари |
| Извори на средства | Буџет на Комората на Република Македонија за приватно обезбедување |
| Спроведувач на обука | Комора на Република Македонија за приватно обезбедување |
| Партнери во имплементација | АВРМ и МТСП |

***Услови и критериуми***

Обуките ќе се реализираат согласно со Законот за приватно обезбедување согласно со кој лицето треба да:

- е државјанин на Република Македонија;
- има живеалиште во Република Македонија;
- има наврешено 18 години;
- поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение кое не смее да биде постаро од три месеци;
- не е осудено со правосилна судска пресуда или против него не се води кривична постапка за кривично дело за кое се гони по службена должност;

има завршено најмалку средно образование;Стручните испити за физичко и за техничко обезбедување ќе се спроведуваат во два дела, и тоа:

- теоретски (прв) дел со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- практичен (втор) дел со кој се проверуваат практичните способности на кандидатите

Оспособувањето на кандидатите за физичко обезбедување се спроведува во траење од 50 часови. По завршување на оспособувањето и полагањето на стручен испит, кандидатите ќе се стекнат со Лиценца за физичко обезбедување издадена од Комората за приватно обезбедување на РМ.

| **Обука од областа на обезбедувањето– МЛАДИ ДО 29 ГОДИНИ** | |
|---|---|
| **Цел** | Мерката има за цел зголемување на вработливоста на евидентираните невработени млади лица преку стекнување на лиценци согласно побарувањата во обезбедувањето на физичките лица и искажаните потреби за работна сила |

| | |
|---|---|
| **Опфат на корисници** | 6 невработени млади лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 126.000,00 денари |

## 6.4 Обука од областа на туризмот

| | |
|---|---|
| Цел | Мерката има за цел зголемување на вработливоста на евидентираните невработените лица преку стекнување на сертификати согласно побарувањата во туризмот и искажаните потреби за работна сила |
| Краток опис | Обуката ќе се реализира согласно со наставната програма на Факултетот за туризам која опфаќа осум одделни предмети. За време на обуката лицата ќе имаат практична настава и практичен испит. По завршување на практичниот испит лицата ќе добијат сертификат. |
| Опфат на корисници | 15невработени лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| Потребни средства | 465.000,00 денари |
| Извори на средства | Буџетот на Факултетот за туризам во Скопје |
| Спроведувач на обука | Факултетот за туризам во Скопје |
| Партнери во имплементација | АВРМ и МТСП |

***Услови и критериуми***

Наставната програма што наставно-научниот совет на Факултетот за туризам во Скопје ја усвои, опфаќа осум одделни предмети, што по својата содржина се неопходни за квалитетна и добро осмислена настава и обука на кандидати кои ќе работат во туристичките организации, туристички сојузи, туристички асоцијации, туристичко информативни центри, дипломатскиот кор, протокол на локално и државно ниво, и за потребите на домашните и странските туристи. Потребни документи за учество во мерката се 1) Диплома заверена кај нотар; 2) Копија од државјанство; 3) Копија од извод од книга на родени; 4) Копија од лична карта. По завршување на обуката и полагање на испитите, кандидатите ќе се стекнат со соодветно уверение.

| **Обука од областа на туризмот– МЛАДИ ДО 29 ГОДИНИ** | |
|---|---|
| **Цел** | Мерката има за цел зголемување на вработливоста на евидентираните невработените млади лица преку стекнување на сертификати согласно побарувањата во туризмот и искажаните потреби за работна сила |
| **Опфат на корисници** | 4 невработени млади лица од евиденцијата на АВРМ на активни баратели на работа |
| **Потребни средства** | 139.500,00 денари |

## 6.5 Инкубатор на занаетчии

| | |
|---|---|
| **Цел** | Поддршканa невработените лица во основање сопствена фирма, формализирање на веќе постоечка (неформална) дејност и нивно здружување во заеднички просторни капацитети (инкубатор) со цел обезбедување на поволни услови за нивен раст. |
| **Опис** | Програмата ќе се реализира преку обука за претприемништвото, поддршка при основањето на сопствен занаетчиски бизнис и сместување во заеднички просторни капацитети[16].Корисниците ќе се поддржат со финансиски средства за набавка на опрема и/или материјали, сметководствени услуги и плаќање на закуп за работните и продажните простории од инкубаторот |
